РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 2

| Примено | 26.08.2013 | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 12/64 | | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по комуникација за VI одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух.

НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА
УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН СЛУХ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# КОМУНИКАЦИЈА

VI ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2013

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да го развива слухот, говорот и јазикот со систематско користење на преостанатите слушни способности;.
- да ги развива когнитивните и интелектуалните способности;
- да ги развива способностите на слушање на гласовите на човечкиот говор;
- да се оспособи за подобра социјална комуникација и разбирање со лицата кои слушаат;
- да се оспособи за поуспешно орално комуницирање во секојдневието за чиста и колку што е можно појасна артикулација;
- да се оспособува да отстрани говорните недостатоци;
- да се поттикнува да го подобри слушниот и говорниот статус преку систем на слушни и говорни вежби;
- да се оспособи за читање и разбирање на говорот од устата на соговорникот;
- да се оспособи за поуспешно совладување на воспитно - образовните содржини.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| **I ФАЗА НА ВЕЖБИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>(*Напомена:* Одредување на слушните и говорните способности на ученикот/ученичката, преку снимање на актуелниот статус со говорна, тонална и објективна аудиометрија, како и тријажни, глобални, аналитички и тест на ларингеалниот глас).<br>❖ да се оспособи за примање сигнали преку слушниот апарат;<br>❖ да се оспособи за одредување на најпријатното ниво за прием на звукот;<br>❖ да се оспособи да ги распознава звуците од различни звучни извори;<br>❖ да се оспособи за дискриминација на:<br>*бројот на сигналите;<br>*интензитетот на звучниот сигнал;<br>*два тонски односи;<br>*траењето на звучниот сигнал;<br>*ритамот;<br>❖ да се оспособува за правилно изговарање на вокалите; | Аудитивен статус<br><br>Говорен статус<br><br>Дискриминација на акустичкиот сигнал од различни извори<br><br>Работа на гласот<br><br>Вокали<br><br>Консонанти<br>Именки<br>Глаголи<br>Придавки<br>Поставување прашања<br><br>Одговарање на поставени прашања | Говорен статус<br><br>Аудитивен статус<br><br>Слушен апарат<br><br>Слушно поле<br><br>Звук и извор на звукот<br><br>Број<br><br>Интензитет<br>Тонски однос<br>Траење на звукот<br>Ритам<br>Звуци и шумови во природата<br>Ларингеален глас<br>Кластери<br>Вокали | - Детекција на аудитивните способности на ученикот/ученичката (аудиометрирање).<br>- Тест на ларингеален глас<br>- Глобален и аналитички тест<br>- Тријажен тест.<br>- Вежби за одредување на најпогодното актуелно ниво за прием на звукот.<br>- Вежби: Дискриминација на бројот на сигналите, интензитетот, изворот на звук, висината и траењето на звукот.<br>- Вежби за добивање и правилно поставување на интензитетот и висината на ларингеалниот глас.<br>- Вежби за катенизација: вокал - вокал, вокал - консонант.<br>- Вежби: Кластери на вокали со консонанти во иницијална, медијална и финална положба - со употреба на зборови од актуелниот вокабулар во корелација со текстовите по македонски јазик).<br>- Вежби за примена на гласовите во зборови во сите положби. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ да се поттикнува да применува консонанти во комбинација со вокали со различна должина (во иницијална, медијална и финална положба);<br>❖ да се оспособува за слушно дискриминирање и изговарање на гласовите во еднословни и двосложни зборови;<br>❖ да се оспособува да употребува именки, глаголи, придавки и сл;<br>❖ да се оспособува да поставува прашања;<br>❖ да се оспособува да одговара на поставените прашања. | | Консонанти<br><br>Именки<br><br>Глаголи<br><br>Придавки<br><br>Прашања | ➜ Вежби: правилна употреба на именките.<br>➜ Вежби: правилна употреба на глаголи со претходно усвоените поими во контекстна ситуација.<br>➜ Вежби за правилна употреба на придавките<br>➜ Вежби: поставување и разбирање на поставените прашања.<br>➜ Вежби: Одговарање на поставени прашања. |

| II ФАЗА НА ВЕЖБИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>❖ да се оспособи да го распознава и диференцира говорот од други звучни извори;<br>❖ да се оспособи да го разликува бројот и интензитетот на ударите;<br>❖ да се оспособува да го коригира изговорот на гласовите во зборовите (во иницијална, медијална и финална положба);<br>❖ да се поттикнува правилно да ги употребува заменките;<br>❖ да се поттикнува да води разговор според слики;<br>❖ да се поттикнува правилно да употребува придавки;<br>❖ да се поттикнува правилно да употребува глаголи;<br>❖ да се оспособува самостојно да поставува прашања;<br>❖ да се оспособува да опишува слики;<br>❖ да се оспособува да опишува лично доживување, желби, ветувања, состојби;<br>❖ да се оспособува за употреба на одречни или раскажни реченици;<br>❖ да се оспособува правилно да користи различни видови на конвенционални поздрави; | Слушна перцепција и техника на говор<br><br>Ритам во говорот<br><br>Ритмички стимулации<br><br>Слушно перципирање на гласови<br><br>Слушно перципирање на зборови<br><br>Слушно перципирање на реченици | Говор<br><br>Глас<br><br>Звуци<br><br>Слушање<br><br>Придавки<br><br>Глаголи<br><br>Заменки | ➧ Вежби: Акустичка дискриминација на говор и звуци на инструменти.<br>➧ Вежби: Повторување и утврдување на веќе обработените гласови и нивна корекција во зборови во иницијална, медијална и финална положба.<br>➧ Вежби за разликување на гласовите според звучноста и местото на градба.<br>➧ Вежби: правилна употреба на заменките: тој, таа, тоа, мој, моја, мое.<br>➧ Драматизација со слика во која ученикот употребува заменки, именки, глаголи.<br>➧ Разговори (кратки дијалози) во кои ученикот употребува придавки (во контекстна ситуација).<br>➧ Вежби: правилна употреба на глаголи.<br>➧ Вежби за прашални реченици<br>➧ Вежби за потврдни и одречни реченици.<br>➧ По даден налог опишува сопствено доживување.<br>➧ Вежби: Искажува желби, чувства, состојба и сл.<br>➧ Вежби: Употреба на куси раскажни и одречни реченици. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ да се оспособува правилно да го изговара сопственото име и личните имиња на другите лица и членови на потесното семејство;<br>❖ да се оспособи за одговарање на прашања. | Поставување прашања<br><br>Самостојно изразување<br><br>Давање одговори<br><br>Конвенционални поздрави<br><br>Опис на слика<br><br>Опис на предмет<br><br>Опис на доживување<br><br>Искажување желби, ветувања, состојби | Именки<br><br>Прашање<br><br>Одговор<br><br>Еднина<br><br>Множина<br><br>Поздрави<br><br>Лично име | ➔ Вежби: Правилна употреба на поздрави, конвенционални изрази и сл.<br>➔ Вежби: Правилна употреба на лични имиња на лицата од окружувањето.<br>➔ Вежби: Разговори за членовите на потесното семејство и сл. |

| III ФАЗА НА ВЕЖБИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>❖ да се оспособува да ги нагласува двосложните и трисложните зборови преку тактирање;<br>❖ да се оспособува за разликување на глас, збор и реченица;<br>❖ да се оспособува за слушна перцепција и изговарање на зборови во еднина и множина;<br>❖ да се оспособи да изговара зборови со заеднички корен;<br>❖ да се оспособи да слуша и изговара реченици со придавки со спротивно значење;<br>❖ да слуша и да изговара реченици со предлози;<br>❖ да слуша и да изговара реченици (правилна примена на сврзниците);<br>❖ да слуша и да изговара реченици со глаголи во сегашно и минато време;<br>❖ да се оспособува да слуша и изговара секојдневни поздрави;<br>❖ да се оспособува да слуша и правилно да изговара прашања;<br>❖ да се оспособува за самостојно изразување преку опишување слика, предмет, лично доживување; | Тактирање<br>Слушна перцепција<br>Слушна перцепција и изговарање на зборовите<br>Слушна перцепција и изговарање реченици<br>Глаголи во сегашно и минато време<br>Заповеден начин<br>Придавки со спротивно значење<br>Зборови од заеднички корен<br>Слушање и изговарање конвенционални модели (секојдневни изрази) - самостојно изразување | Ритам<br>Слог<br>Збор<br>Реченица<br>Предлози<br>Прашање<br>Одговор<br>Чувства | - Вежби: Нагласување на двосложните и трисложните зборови преку тактирање.<br>- Вежби: Препознавање и разликување на глас, збор и реченици.<br>- Вежби за слушна перцепција и разликување на зборови во еднина и множина.<br>- Вежби: Изговор на зборови кои имаат заеднички корен.<br>- Вежби: Реченици со придавки со спротивно значење (добро - лошо, големо - мало и сл.).<br>- Вежби: Примена на предлози во реченици (во, на кај, за и сл.).<br>- Вежби: Реченици со глаголи во сегашно време.<br>- Вежби: Реченици со глаголи во минато време.<br>- Вежби: Правилно изразување потреби, желби, чувства, состојби и сл.<br>- Вежби: Правилна употреба на секојдневните поздрави.<br>- Вежби: Слуша и правилно изговара прашања: Каде си?', Што работиш? Во кое одделение учиш?<br>- Вежби: Самостојно опишува даден предмет, слика, зборува за некое свое доживување. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ да се оспособи за именување растенија, животни и предмети. | Секојдневни поздрави<br><br>Самостојно опишување преку слики | Сврзници<br><br>Доживу-<br>вање | ✦ Вежби за именување на растенија, животни и предмети со помош на илустрации.<br>✦ Вежби: Одговарање на прашања кои се однесуваат на животот и активностите во училиштето и сл. |

| **IV ФАЗА НА ВЕЖБИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>❖ да се оспособи да препознава и да разликува музика и говор (слушање програма на радио);<br>❖ да се оспособи да препознава музички ритми;<br>❖ да се оспособи да препознава и да разликува машки и женски глас;<br>❖ да се оспособи за изговар на консонантските групи во зборовите (снег, црн, трн и сл.);<br>❖ да се поттикнува да слуша и да изговара трисложни и повеќесложни зборови;<br>❖ да се поттикнува да слуша и изговара реченици;<br>❖ да се поттикнува да применува реченици со глаголи во сегашно, минато и идно време; | Препознавање на говорот<br><br>Препознавање-разликување на машки и женски гласови (говор)<br><br>Препознавање-разликување на трисложни и повеќесложни зборови<br><br>Слушање и изговор на реченици | Музика<br><br>Ритам<br><br>Говор<br><br>Глаголи<br><br>Реченици | ✦ Вежби: Слуша радио и се обидува да разликува говор и различни видови музика.<br>✦ Вежби: Слуша снимен материјал и препознава музички ритми, машки и женски глас, препознава говор и сл.<br>✦ Вежба: Изговор и корекција на консонантските групи во дадени зборови.<br>✦ Вежба: Слушање трисложни и повеќесложни зборови.<br>✦ Вежби: Слуша и правилно употребува реченици составени од три и повеќе зборови.<br>✦ Вежби: Слуша и правилно изговара реченици со глаголи во сегашно, минато и идно време.<br>✦ Вежби: Дополнување на реченици со зборови. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ да се оспособи да дополнува испуштени зборови во дадени реченици;<br>❖ да се оспособи да поставува и точно да одговара на поставени прашања;<br>❖ да се поттикнува правилно да употребува предлози;<br>❖ да се поттикнува правилно да ги употребува прилозите;<br>❖ да се поттикнува правилно да ги употребува сврзниците;<br>❖ да се оспособува правилно да ги употребува заменките;<br>❖ да се оспособува правилно да ги употребува личните заменки во еднина и множина;<br>❖ да се поттикнува самостојно да опишува по дадени слики (годишни времиња и сл);<br>❖ да се стимулира самостојно да опишува обработена приказна или басна по дадени слики;.<br>❖ да слуша и изговара конвенционални модели. | Препознавање на глаголи во сегашно, минато и идно време<br><br>Употреба иразбирање на прашања<br><br>Употреба на предлози<br><br>Употреба на прилози<br><br>Употреба на сврзници<br><br>Употреба на заменки<br><br>Самостојно опишување<br><br>Слушање и изговор на конвенционални модели | Прашања<br><br>Предлози<br><br>Прилози<br><br>Сврзници<br><br>Заменки | ➜ Вежби: Употреба и разбирање на прашања: кои, што, како, на кого, чии, зошто и сл.<br>➜ Вежби: Правилна употреба на предлозите: над, под, зад, пред и сл.<br>➜ Вежби: Правилна употреба на прилозите: убаво, добро и сл.<br>➜ Вежби: Правилна употреба на сврзници.<br>➜ Вежби: Правилна употреба на заменки.<br>➜ Вежби: Употреба и слушање на секојдневни изрази и сл.<br>➜ Вежби: Самостојно опишува слики на кои е претставено некое годишно време кое е претходно обработено.<br>➜ Вежби: Самостојно по слики опишува претходно обработена приказна, басна и сл.<br>➜ Вежби: Слушање и изговарање на конвенционални модели. |

| V ФАЗА НА ВЕЖБИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>❖ да научи да го именува местото на живеење;<br>❖ да научи да именува боја на кожа кај различни раси;<br>❖ да научи да именува особини кај луѓето;<br>❖ да научи да именува професии кај луѓето;<br>❖ да се оспособи да поставува прашања;<br>❖ да се оспособи да употребува поздрави;<br>❖ да научи да прифаќа и да одбива. | Конвенционални модели<br><br>Самостојно изразување<br><br>Именување<br><br>Луѓе<br><br>Поздрави<br><br>Прифаќање<br><br>Одбивање | | ➜ Вежби: Именување држави.<br>➜ Вежби: Именување градови.<br>➜ Вежби: Именување села.<br>➜ Вежби: Именување боја на кожа кај различни раси.<br>➜ Вежби: Именување боја на коса кај луѓето.<br>➜ Вежби: Именување особини кај луѓето (млад - стар, добар - лош, вреден - мрзелив, висок - низок, брз - бавен и сл.).<br>➜ Вежби: Именување професии кај луѓето: лекар, професор (учител), месар, фризер, пекар, готвач и сл.<br>➜ Вежби: Прашања и одговори (кога, каде, како, зошто, што, кој, што е тоа и сл.).<br>➜ Вежби: Употреба на поздрави (добро утро, добар ден, добра вечер, добра ноќ, здраво, среќно, добар апетит и сл.).<br>➜ Вежби за примена на зборови за прифаќање: да, секако, во ред, добро.<br>➜ Вежби за примена на зборови за одбивање: не, никако, никогаш, не сакам, жалам. |

Напомени за начинот на планирање и реализација  на наставната програма

Во паралелките во посебните основни училишта и во посебните паралелки при редовните основни училишта составот на учениците е изразито хетероген. За учениците со посебни образовни потреби, согласно видот и степенот на попреченоста, треба да се практикува строго диференциран и индивидуализиран пристап во рамките на воспитно – образовниот процес. Ваквиот приод е во функција на нивните индивидуални специфични потреби, а, се очекува да резултира со развивање на индивидуалните потенцијали, и, секако максимални академски постигања.
Во тој контекст, наставниците кои реализираат настава со овие ученици треба:

- да се обидат при изготвувањето на планирањето  (доколку видот и степенот на попреченоста на учениците во паралелката го дозволува тоа) да планираат исти содржини, цели и активности  за целата паралелка;
- за учениците во паралелката чиј вид и степен на попреченост не дозволува наставниците да планираат исти содржини, цели и активности  за целата паралелка, тогаш за нив треба да планираат парцијална партиципација во рамките на содржините, целите и активностите кои ги реализира целата паралелка;
- доколку видот и степенот на попреченост е многу сериозен наставникот пристапува кон изготвување интерен индивидуален образовен план за тие ученици во рамките на адаптираните наставни програми (при изготвувањето на индивидуалниот образовен план наставникот може да користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години). Кога наставникот во индивидуалниот образовен план користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години, треба да ги наведе одделението, содржините, како и целта на нивното повторно обработување.

## 3. ДИДАКТИЧКИ  ПРЕПОРАКИ

Вежбите треба да ги развиваат општите способности на внимание, мислење и говор, да придонесат во стекнувањето нови, како и дополнување и коригирање на порано стекнатите претстави, како  и проширување на говорниот речник кај ученикот. За таа цел учениците треба да се служат со разни реченици (како за глуви), исто така и со други реченици преку слики со кои се претставува семантиката на зборовите. Треба да се обрнува внимание на правилната артикулација на гласовите и да се вежба правилно дишење и изговарање на зборовите. Вежбите треба да се поврзуваат со животот и работата во училиштето и дома и за природната и општествената средина на ученикот. Говорниот материјал го опфаќа животот во училиштето, училницата, трпезаријата, спалната соба, интернатот, родителскиот дом и сл. Говорните вежби се поврзуваат со интересни настани, на пример: доаѓање во училиште, училишна претстава, Нова Година, излети, доаѓање дома, посета на родителите и

семејството и др. Содржините треба да се поврзани и со практични потреби на учениците (снаоѓање во продавница, на улица, во возило, на пазар, во амбуланта, како и со природните појави, дожд, снег, облачно, ведро, топло, влажно, сонце, месечина, ноќ, ден, утро, вечер, пладне). Материјалот за вежби на внимание, мислење и говор треба да се зема од животот во училиште и во родителскиот дом, местото во кое живеат (појавите во природата и општествената средина се, исто така, добри за говорни и писмени вежби). Содржините можат да се однесуваат на куќата, дворот, детската игра, град со важни објекти, како и професии на луѓето во градот; село и занимања на луѓето во село, шуми, полиња, овоштарници, дворови, домашни и диви животни, сообраќајни средства, годишни времиња, ден и месец, тематски слики, филмови, куклени и детски претстави. Рехабилитацијата/хабилитацијата на слухот, говорот и јазикот кај учениците со оштетен слух е организирано, континуирано користење на максималните биолошки, психолошки и социјални потенцијали со цел воспоставување и стекнување на говорно - јазични функции.

Учениците кои треба да го изградат говорот се обучуваат на правилен изговор, се развива нивниот речник и други аспекти на рецептивниот и експресивниот говор (се обучуваат за пишување, читање и со употреба на тотална метода на комуникација). Индивидуалниот третман подразбира и вежби на аудитивно внимание кои помагаат во кондиционирањето на ученикот во процесот на испитување на слухот. Слушните и говорните вежби имаат за цел преку систематско користење на остатоците на слух да помогнат и понатаму да се развива способноста за слушање на говорот, да придонесат за подобар говорен развој, развој на когнитивните и интелектуалните способности, да овозможат успешно совладување на воспитно - образовните содржини и говорот да се направи пристапен за социјална комуникација.

Изведувањето на содржините предвидени со наставниот предмет комуникација треба да бидат во тесна корелација со другите наставни предмети - посебно предметот македонски јазик. Програмата за комуникација за шесто одделение е продолжение на програмата за комуникација за петто одделение. Пред да се започне со реализација на содржините од програмата треба да се направи проверка на слушниот статус кај учениците. Во работата на развитокот на слушната перцепција треба да има предвид дека субјект во работата е ученикот/ученичката кој има оштетен слушен анализатор кој е различен кај секој ученик.

Пристапот, планирањето и методите на работа треба да бидат индивидуализирани и прилагодени на психофизичките диспозиции на слушниот анализатор на ученикот/ученичката. Севкупниот напор во работата на слушната и говорната перцепција треба да се насочи кон тоа учениците да се научат да ги користат остатоците на слухот. Неопходно е спроведување на континуиран аудитивен тренинг кај сите ученици со слушни оштетувања со поинтензивна работа на оние гласови кои се оштетени (дисторзирани, супституирани). Содржините кои се дадени во програмата концепирани се според современите лингвистички принципи кои им даваат можност на ученикот/ученичката со оштетен слух вежбајќи да учат активен говор. Се препорачува почетна индивидуална работа со цел утврдување на можностите за перцепција на говорот, можностите за употреба на говорниот јазик, како и работа во групи, односно тандемска работа со цел подобрување на вербалната комуникација меѓу учениците со оштетен слух.
Наставната програма по комуникација е задолжителна, застапена е со неделен фонд од 2 часа и годишен фонд од 72 часа.

## 4. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Програмата комуникација може да се реализира во посебно опремени кабинети со добра звучна изолација. Тие треба да се опремени со посебни апарати за изведување на вежбите за слушна и говорна перцепција (апарати за линеарно појачување, со селективна амплификација, со филтри, индикатор на интензитетот, вибратор и др.).

## 5. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно - образовната работа може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет, дипломиран дефектолог.

Изготвил: работна група,
координатор Марија Симонова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
Контролирал: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор во Бирото за развој на образованието – Скопје
Одобрил: м-р Весна Хорватовиќ, директор на Бирото за развој на образованието - Скопје

## 6. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по *комуникација* за шесто одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

на ден ------------------------------------------

Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11- 3986/1
19 08 20 13 год.
СКОПЈЕ

Министер,

Спиро Ристовски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА 2 СКОПЈЕ